СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-1091/2

26.04.2024 година

К и ч е в о

# **З А П И С Н И К**

Од одржаната 33-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 26.04.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели, Агим Садику.

Отсутен беше советникот Абдула Сејдини.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Арбен Ристеми, Фиола Алиу, Мите Димитриоски и Ленче Србиноска- претставници од општинската администрација и преставник од Југозападниот плански регион.

**Претседателот на советот** праша дали има некој забелешка на Записникот од 32-та седница на советот одржана на 14.03.2024 г.

Бидејќи никој не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 32-та седница на советот одржана на 14.03.2024 г. и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Предлог Одлука за измена на Одлуката за извршување на буџетот.
2. Усвојување на годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2023 година.
3.Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево.
4. Разно

**Претседателот на советот** отвори расправа, а збор зеде:

**Валентина Лазаревска**- Информира дека има забелешка во материјалот за третата точка од дневниот ред. Во уводниот дел на Одлуката стоел датумот од предходната седница, а требало да стои датумот од денешната седница. Исто така, во диспозитивот во Одлуката стоело дека возилата ќе се дадат на користење на средните училишта, а требало да стои на основните училишта.

**Агим Садуку**- -Информира дека има техничка грешка во член 2 во Одлуката за третата точка, во албанскиот дел не бил обележан датумот во уводниот дел и во член 1 наместо средните, требало да стои основните училишта.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница и истиот се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена на Одлуката за извршување на буџетот.

**Секретарот на општината**- Информира дека во врска со оваа Одлука согласно Законот за плати на функционерите сменет бил бодот од 3,2 на 2, 79.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена на Одлуката за извршување на буџетот и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2023 година.

**Претставникот од Југозападен плански регион**- детално го образложи Годишниот извештај и Годишната сметка. Информира дека Годишниот извештај на Центарот на Југозападниот плански регион е изготвен согласно Деловникот на Министерството. Претставен бил наративно и табеларно. Истакна дека на овој Извештај му предходел Акциски план кој требало да се реализира. Со Швајцарскиот центар за развој имало повеќе договори за реализација на проекти. За 2024 година биле потпишани договорите со Бирото за регионален развој, објавени биле јавни набавки и активноста за нив била почната во јануари 2024 година. Имало 16 проекти и тие се реализираат со Шварцајската агенција.

**Агим Садику**- Побара ако има можност подетално да се образложи. Праша зошто во источниот регион е помалку инвестирано во однос на југозападниот и североисточниот дел и да се направи споредба во однос на другите региони. Истакна дека општината треба да конкурира со проекти, тие да се усвојат и да се отпочне со нивна реализација. Побара подетално објаснување каде сме ние како регион за тоа.

**Преставникот од Југозападен плански регион**- Информира дека Државата е поделена на 8 плански региони, согласно Закон од 2007 година и 1% од џидипито е на регион. Советот на планскиот регион одлучува за 80-90 милиони. Но тоа било сменето со новиот закон. ЗЕЛС смета дека тој 1% се врши преку градоначалниците и тоа сеуште не било направено. Потребно било да се одлучи за тоа. Според Министерсвото за локлна самоуправа информира дека сме биле 4-5 место. Истакна дека во пограничните региони средсва можеле да собираат само општините, а не Центарот за плански региони.

**Агим Садику**- Информира дека е известен за тоа и имал контакт со градоначалниците. Побара да се води сметка во врска со текот на усвојувањето на проектите. Посочи пример за усвоен проект за асфалтирање на улица, па потоа усвоен проект за поставување на канализација. Улицата се асфалтира, па потоа се копа и се става канализација. Потребно е да се води сметка за тоа,прво треба да се стави канализација,а потоа да се асфалтира. Истакна дека е потребно да се создаде механизам за да може подеднакво да бидат распоредени средствата, а не некој регион да има повеќе, а некој помалку средства.

**Преставникот од Југозападен плански регион -** Информира дека според планот кај нас се прибираат средства од 13,3%, во Скопје 4%, а во Куманово 23 %. Истакна дека е потребно сите региони да се стават во Дата база и да се види каде и колку се инвестира. Тоа треба да го видат Министерствата, а не само Центарот и Бирото за регионален развој.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион и Годишните сметки за 2023 година и истите се усвоија со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3.ТРЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево

**Секретарот на општината**- Информира дека Одлуката има технички грешки и истата ќе се земе со дадените измени од советничката. Истакна дека на минатата седница биле дадени на користење две комбиња на

средните училишта, сега било потребно да се дадат лиценци за нив. Со оваа Одлука се давале на користење возила и на основните училишта. Информира дека во член 2 од Одлуката, треба да стои основни, а не средни училишта. Потоа, со склучување на договор ќе се одредело на кои основни училишта ќе им се дадат на користење возилата.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали се знае за кои училишта се работи.

**Секретарот на општината –** Информира дека сега се работело за сите училишта, а потоа со Договор ќе се одредело на кои училишта ќе им се дадат на користење возилата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на користење на движна ствар сопственост на Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разно

**Михајло Данилоски**- Апелира и побара од Секретарот на општината и надлежната администрација, да се прошири уличното осветлување во Другово, од магистралниот пат до влезовите. Се работело за неколку места, а тоа било потребно од безбедносни причини. Побара да се направи увид на лице место и да се намести улично осветлување.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 10 часот и 45 минути.

Записничар

\- Ленче Србиноска

Совет на Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири